РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ-УПРАВА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ
Бр. 02-35/4
03-07-2008
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**УПРАВА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ**

# ПРЕПОРАКА

## За консултантскиот тим на ТРАЈКОВСКИ & ПАРТНЕРИ Консалтинг

**Управата за спречување на парење пари и финансирање на тероризам** - УСППиФТ во периодот од јануари 2008 до април 2008 година го реализираше проектот ***„Оценка за исполнување на минимални безбедносни барања и ревизија на постоечката документација“*** во соработка со Трајковски & Партнери Консалтинг.

Резултатите од овој проект беа:

- Оценка на тековната состојба во Управата за исполнување на минимални безбедносни стандарди преку спроведување на прашалници од Европската комисија за минимални безбедносни мерки
- Ревизија и усогласување на Прирачникот со новите состојби во УСППиФТ и со тековна законска регулатива
- Обука на вработените за примена на Прирачникот

Во текот на реализацијата на проектот моите соработници и јас лично, остварувавме континуирана соработка со проектниот тим на **Трајковски & Партнери,** сите планирани активности беа реализирани согласно договорената динамика и со очекуван квалитет.Тимот на Трајковски & Партнери оствари квалитетна комуникација со сите учесници во проектот и беше отворен за нивни сугестии и предлози што резултираше во прифаќањето на предложените резултати од страна на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и претходно остварувала професионална соработка со **Трајковски & Партнери Консалтинг** во која Трајковски & Партнери Консалтинг се истакнаа со својата посветеност, компетентност, креативност, професионалност и одговорност. Од тие причини ми претставува чест да ја дадам оваа препорака за задоволство од соработката со тимот на Трајковски & Партнери Консалтинг и од постигнатите резултати и верувам дека во иднина ќе оствариме уште поуспешна соработка.

Директор на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам

Г-дин Ване Цветанов